Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за образование и наука** | **Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 23.1.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 - | 722/14 | | |

Бр.14- 70/3
Дата .01.2023 година

**До:** 2 0 -01- 2023
**Природно-математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје**
**Ул. Архимедова бр.3**
**1000 Скопје**
**Предмет:** Достава
**Врска:** Допис на Влада на Република Северна Македонија бр.41-8904/8 од 27.12.2022 година

Почитувани,

Во прилог на Ваше запознавање и понатамошно постапување согласно член 145 став 9 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Ви се доставува Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени" на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје, Бр.41-8904/7 од 27.12.2022 година, донесено од Владата на Република Северна Македонија.

Со почит.

**Dërguar:**
**Fakultetit të Shkencave Matematiko-Natyore në Universitetin "Shën Kirili dhe Metodi" Shkup**
**Rr. Arhimedova nr.3**
**1000 Shkup**
**Lënda:** Dorëzim
**Lidhja:**Shkresa e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 41-8904/8 të datës 27.12.2022

Të nderuar,

Në shtojcë për njoftim dhe trajtim Tuaj të mëtejshëm në pajtim me nenin 145 paragrafin 9 të Ligjit për Arsimin e Lartë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 82/18 dhe " Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 178/21), Ju dorëzohet Aktvendimi për fillim me punë në programin studimor të ciklit të tretë të studimeve akademike – studimet e doktoratës (180 EKTS) të "Shkencave Matematikore dhe të Aplikuara" në Fakultetin e Shkencave Matematiko-Natyrore pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" Shkup, nr.41-8904/7 të datës 27.12.2022, të sjellur nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut .

Me respekt,

Shtojcë: sikurse në lartëshënuarën

Прилог: како во горенаведеното.

Подготвил/Përgatiti: Маја Јовановиќ
Прегледал/Kontrolloi: Борчо Алексов
Одобрил/Miratoi:Ahmed Qazimi

**Министер за образование и наука,**
**Ministër i Arsimit dhe Shkencës,**
**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесување на Решение за акредитација на студиската програма „Математички науки и примени“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, бр.08-1119/7 од 9.8.2022 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Природно – математичкиот факултет се обрати со барање бр.02-722/12 од 17.8.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-828/1 од 18.8.2022 година за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-828/2 од 18.8.2022 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 22.8.2022 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-828/3 од 25.8.2022 година во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Математички науки и примени“ на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21) и

Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-8904/ 7
27 декември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Тања Поповска, самостоен референт
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата